Приватна непрофитна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ - БАС
СКОПЈЕ

| Примено: | 19.02.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 04 | 49/1 | | — |


# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИЈА НА БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС, СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот за избор и ре-избор на наставници во наставно звање, објавен во дневниот весник Нова Македонија на ден 31.01.2025 година, за избор и ре-избор на наставник во наставно звање на Висока стручна школа, за наставната областа Економија и Менаџмент на човечки ресурси и врз основа на Одлуката на Наставничкиот совет, дел. бр. 02-47/2 донесена на 11.02.2025 година, формирана е Рецензиона комисија во состав: проф. д-р Маја Кузмановска професор на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје, проф. д-р Дијана Ивановска Пржо, професор на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје и проф. д-р Лидија Стефановска, професор на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје,.

Како членови на Рецензионата комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор и ре-избор на наставници во наставно звање за наставната област Економија, во предвидениот рок се пријави еден кандидат за избор: м-р Давид Салтамарски.

## М-р Давид Салтамарски

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот *м-р Давид Салтамарски* е роден на 08.09.1994 година во Скопје. Во 2017 година дипломира на Факултетот за земјоделски науки и храна при УКИМ на смерот Агроекономија, при што се стекнува со титула Земјоделски инженер од областа на Агроекономика со вкупно 245 ЕКТС – кредити и просечна оцена 8.51. Во текот на додипломските студии остварил Еразмус обука и престој во Анталија, Република Турција. Во 2020 година магистрира на Економскиот институт при УКИМ,

при што станал магистер на економски науки од областа на Меѓународна економија со вкупно 60 ЕКТС и просечна оцена 8.71. Во 2019 година преку магистерските студии остварил студиски престој на Карловиот Универзитет во Прага. Во 2021 година се запишува на докторски студии по економија при Економскиот факултет УКЛО каде се уште е докторант, а во периодот од февруари 2022 до март 2022 година престојува на Универзитетот во Ополе, Република Полска преку програмата Еразмус плус.

Својата професионална кариера ја започнува на проект за Јапонската меѓународна кооперативна агенција. Во период од септември 2019 до декември 2020 година работи како агроекономист во винаријата Тиквеш – М6 групација. Краток период работи во консалтинг компанија и во август 2021 година се вработува на Факултетот за бизнис економија каде останува до февруари 2022 година. Посетувал разни обуки и курсеви меѓу кои и студиска посета на Институт Руберт Шуман во Словачка и Унгарија, како и Обуки од областа за функционирањето на европската унија во Виена и Брисел. Во периодот од 10ти до 14ти Јуни, учествува на обука за докторанти организирана од Универзитетот Твенте, Република Холандија. Учесник бил и во проектот насловен " Колаборативно управување во дигиталната ера" од страна на Шведскиот инстут при што остварил студиски престој на Унивезритетот Халмштад во Халмштад, Шведска. Добитник е на две стипендии. Првата од страна на МОН како студент со висок просек во областа на техничките науки на додипломски студии а втората стипендија од страна на Инстутот за Американски студии од Вашингтон за Меѓународни Академски програми.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно - образовната дејност во 2022 година е избран во наставното звање предавач на висока стручна школа.

**Научно истражувачка дејност**

- Saltamarski, D., 2024. (Non)Ethical aspects in writing scientific papers with the help of artificial intelligence. Proceedings of the XIII International Conference on Economy, Business & Society in Digitalized Environment.

- Saltamarski, D., 2023. Strategies for risk mitigation in the Supply Chain System. Southeast European Review of Business and Economics, 4(2)

- Saltamarski, D., 2022. Wine trade dynamics of North Macedonia. Proceedings of the XII International Conference on Economy, Business and Society in Digitalized Environment, Prilep. SERBE Journal.

- Saltamarski, D., 2021. Wine sector analyzed through analysis as a part of the strategic management. Journal of Sustainable Development, 11(27)

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во однос на стручно – апликативната и дејноста од поширок интерес, кај кандидатот се истакнуваат следните активности:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2024 | Скопје | OSCE ODIHR | Медиумско Следење | Мисијата на ОБСЕ – ОДИХР за набљудување на изборниот процес |
| 2024 | Халмштад | Универзитет Халмштад, Шведска и Шведскиот Институт | Учесник | Колаборативно уптавување во дигитална ера |

**Оценка од евалвација**

Кандидатот м-р Давид Салтамарски успешно ја помина хабилитационата постапка спроведена од БАС.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензионата комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатот м-р Давид Салтамарски.

Врз основа на предвидените услови за избор во наставно звање на висока стручна школа, кандидатот м-р Давид Салтамарски ги има исполнето основните и дополнителните критериуми за избор предвидени според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор и ре-избор во наставни, насловни и соработнички звања Бизнис Академијата Смилевски БАС Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот Комисијата заклучи дека м-р Давид Салтамарски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни, насловни и соработнички звања на Бизнис академија Смилевски – БАС и ги исполнува сите услови да биде избран во наставно звање предавач на висока стручна школа, за наставната област Економија. На кандидатот ќе му биде земен во предвид изборот во звање од матичната институција во која бил избран пред пријавата на овој конкурс.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставничкиот совет на Бизнис академија Смилевски – БАС, м-р давид Салтамарски да биде избран во наставно звање предавач на висока стручна школа за наставната област Економија.

Скопје, февруари, 2025

**Рецензентска комисија:**

Проф. д-р Маја Кузмановска;

Проф. д-р Дијана Ивановска Пржо;

Проф. д-р Лидија Стефановска